


# ИЗВЕШТАЈ

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА НАДЗОРЕН ОДБОР НА ГД „ГРАНИТ“ АД СКОПЈЕ ВО 2017 ГОДИНА

Скопје, Мај 2018 година

Градежно друштво
ГРАНИТ АД
Бр. 12-6370
21. 05. 2018 год.
СКОПЈЕ

# ИЗВЕШТАЈ

**ЗА РАБОТА НА НАДЗОРЕН ОДБОР НА ГД „ГРАНИТ“ АД СКОПЈЕ ЗА 2017 ГОДИНА**

Извештајот за работа на Надзорниот Одбор на ГД „Гранит“ АД Скопје за 2017 година е структуиран на следниов начин:

1. Работа на Надзорен Одбор на ГД „Гранит“ АД Скопје во 2017 година;
2. Надзор над управување на ГД „Гранит“ АД Скопје;
3. Следење на работата на Службата за внатрешна ревизија на ГД „Гранит“ АД Скопје;
4. Соработка со Управниот Одбор на ГД „Гранит“ АД Скопје;
5. Препораки на Надзорниот Одбор до Годишното собрание на акционери на ГД „Гранит“ АД Скопје во однос на материјалите и одлуките што се предмет на проверка од страна на Надзорниот Одбор
6. Заклучни согледувања

# I. РАБОТА НА НАДЗОРЕН ОДБОР ВО 2017 ГОДИНА

Надзорниот Одбор на ГД „Гранит“ АД Скопје и во текот на 2017 година, посветено ги остваруваше работите во рамки на своите надлежности преку вршење надзор над управувањето и деловните активности на Друштвото.

За таа цел, Надзорниот Одбор на ГД „Гранит“ АД Скопје во рамки на надлежностите утврдени со Законот за трговските друштва, Статутот на Друштовото и Деловникот за работа:

- Вршеше увид и проверка во книгите на Друштвото;
- Вршеше оценка на точноста на финансиските извештаи;
- Ја следеше имплементацијата на политиките и препораките на Друштвото;
- Вршеше увид во извештаите, актите и документите донесени од страна на Управниот Одбор на ГД „Гранит“ АД Скопје;

Во текот на 2017 година, Надзорниот Одбор на ГД „Гранит“ АД Скопје активностите во рамки на своето работење ги оствари преку одржување на редовни седници и притоа во текот на извештајниот период одржа:

- 5 (пет) редовни седници;
- 3 (три) без одржување на седница;

Притоа беа донесени:

- 20 заклучоци;
- 10 одлуки; и
- 4 препораки;
-

Покрај долунаведените активности, Надзорниот Одбор, по своја иницијатива, разгледуваше различни материјали во врска со состојби кои имаат влијание врз работењето на ГД „Гранит“ АД Скопје.

# II.НАДЗОР НАД УПРАВУВАЊЕТО НА ДРУШТВОТО

## а) Разгледување на кварталните извештаи за работењето на Друштвото

Надзорниот Одбор преку разгледување на кварталните извештаи за работењето на поединечните организаицони и работни единици во рамки на Друштвото, вршеше континуирана анализа и контрола над работењето на Друштвото и врз основа на непосредно констатираните состојби, носеше соодветни заклучоци, одлуки и препораки до Управниот Одбор на ГД „Гранит“ АД Скопје, со цел за остварување на подобри резултати.

Во однос на она што беше разгледувано и одлучувано, Надзорниот Одбор на ГД „Гранит“ АД констатира дека во 2017 година остварено е успешно работење на Друштвото, што произлегува од реализација на низа Проекти.

## б) Контрола на годишните сметки, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на ГД „Гранит“ АД Скопје за 2017 година

Надзорниот Одбор изврши проверка на Годишната пресметка и консолидираната годишна пресметка на ГД „Гранит“ АД Скопје за 2017 година, поединечните и консолидираните финансиски извештаи за 2017 година и Годишниот извештај за работењето на Друштовот за 2016 година, при што констатира дека истите се искажани објективно, согласно законските прописи и стандардите од финансиската област.

Надзорниот Одбор констатира дека Одлуката за распределба на добивка е изготвена согласно Законот за трговските друштва и останатата законска регулатива и соодветствува на остварените финансиски резултати од работењето на Друштвото во 2017 година, поради што Надзорниот Одбор на ГД „Гранит“ АД Скопје истата ја одбори.

Во однос на предложените материјали за донесување од страна на Собранието на акционери на Друштвото, Надзорниот Одбор истите ги прифати и одбори.

## в) Ревизија на финансиските извештаи и Годишната пресметка за 2017 година

Во Извештајот и мислењето на независниот ревизор „MOORE STEPEHENS“ Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи, Годишната пресметка и консолидираната годишна пресметка на ГД „Гранит“ АД Скопје за 2017 година, се констатира дека материјалните аспекти во работењето, финансиската состојба, Извештајот за паричните текови и Извештајот за промена на главнината се презентирани објективно и веродостојно во согласност со законската регулатива и меѓународните сметководствени стандарди.

Надзорниот Одбор ги разгледа и провери извештаите на Ревизорот за работењето на ГД „Гранит“ АД Скопје при што оцени дека ревизијата е успешна и целосно извршена, а даденото мислење соодветствува со фактичката состојба и е во согласност со состојбите во Друштвото и книговодствените евиденции, а резултатите од работењето одговараат на податоците презентирани во финансиските извештаи.

Надзорниот Одбор констатира дека Управниот Одбор на ГД „Гранит“ АД Скоје и надлежните служби континуирано ги следеле можните ризици во работењето, успешно управувале со околности важни за соодветна проценка на кредитениот, пазарениот и ликвидоносниот ризик, промените на цените и каматните ризици и благовремено превземале мерки и активности во насока на надминување на можните влијанија врз работењето на Друштвото.

## г) Разгледување на преодни задачи за работа во 2018 година

Надзорниот Одбор ги разгледуваше преодните задачи за работа во 2018 година на секоја од орагнизационите и работните единици кои функционираат во рамки на Друштвото, врз основа на извештаите и плановите за работи во кои беа детално презентирани предвидувањата за идните услови за интерно и екстерно развивање на Друштвото и евентуалните можности за проширување на деловните активности, па од тие причини истите ги прифати и со тоа го потврди она што претходно го усвоил Управниот Одбор на ГД „Гранит“ АД Скопје.

# III.СЛЕДЕЊЕ НА РАБОТАТА НА СЛУЖБАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Согласно член 415-а од Законот за трговските друштва, Надзорниот Одбор ги разгледа и усвои:

- Извештајот за работењето на Службата за внатрешна ревизија за период 01.01.2017-30.06.2017 година;
- Извештајот за работењето на Службата за внатрешна ревизија за период 01.01.2017-31.12.2017 година;

Извештаите од извршените ревизии од Службата дадоа системски приказ во оценувањето на управувањето со ризиците, како и преглед на мерките и препораките кои треба да се превземат во насока на мерење и следење на имплементацијата на истите. На тој начин, Надзорниот Одбор ги идентификуваше слабостите во работењето на Друштвото и врз основа на донесени заклучоци и препораки, предлагаше превземање на соодветни мерки и активности за надминување на состојбите и лоцирање на одговорност за истите.

Соработката на Службата за внатрешна ревизија со Надзорниот Одбор и Управниот Одбор, со службите, организационите и работните единици во Друштвото се одвиваше успешно.

Надзорниот Одбор согласно член 415-б од Законот за трговските друштва го разгледа и одбори Годишниот план за работа на Службата за внатрешна ревизија за деловната 2018 година.

## IV.СОРАБОТКА СО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ГД „ГРАНИТ“ АД СКОПЈЕ

Во текот на 2017 година, Надзорниот Одбор и Управниот Одбор на ГД „Гранит“ АД Скопоје остваруваа контиунирана соработка, односно на Надзорниот Одбор му беше ставена на располагање целокупната неоходна документација, чие разгледување резултираше со донесување на соодветни одлуки од страна на Надзорниот Одбор.

## V.ПРЕПОРАКИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ДО ГОДИШНОТО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Надзорниот Одбор следејќи го работењето на Друштвото во 2017 година, констатира дека сите негови укажувња, одлуки, препораки и заклучоци се спроведувани во работењето на Друштвото од страна на Управниот Одбор на ГД „Гранит“ АД Скопје

Надзорниот Одбор врз основа на член 480 став 3 од Законот за трговските друштва предлага, Собранието на акционери на ГД „Гранит“ АД Скопје да усвои:

1. Годишна пресметка и консолидирана годишна пресметка на ГД „Гранит“ АД Скопје за 2017 година;
2. Поединечни и консолидирани финансиски извештаи за работењето на ГД „Гранит“ АД Скопје за 2017 година;
3. Годишен извештај за работење на ГД „Гранит“ АД Скопје за 2017 година;
4. Извештај од Ревизија за Годишна и консолидирана годишна пресметка на ГД „Гранит“ АД Скопје во 2017 година и финансиските извештаи;
5. Извештај за работењето на Надзорниот Одбор за 2017 година и извршена проверка на Годишната и консолидираната годишна пресметка на ГД „Гранит“ АД Скопје за 2017 година, за финансиските извештаи на ГД „Гранит“ АД Скопје за 2017 година и ревизорските извештаи по истите;
6. Одлука за одобрување на работење на членови на Управниот Одбор на ГД „Гранит“ АД Скопје во 2017 година и работа на членовите на Надзорниот Одбор на Друштвото во 2017 година;
7. Предлог-Одлука за распределба на добивка на ГД „Гранит“ АД Скопје остварена по Годишна пресметка за 2017 година;
8. Предлог – Одлука за исплата на дивиденда за 2017 година;
9. Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија на Друштовто за 2017 година;

# VI.ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Работењето на Надзорниот Одбор во 2017 година беше во рамки на надлежностите утврдени во законските прописи и актите за остварување на деловнта активност на ГД „Гранит“ АД Скопоје. Сите членови на Надзорниот Одбор дадоа активен и значителен придонес во функционирањето и работењето на Одборот, а одлуките беа носени процедурално, во транспарентна постапка, врз основа на компетентна и објективна проценка. Во согласност со принципите на добро корпоративно управување, Надзорниот Одбор во 2017 годни оствари одлична соработка со Управниот Одбор на Друштвото и на тој начин придонесе за ефективен надзор врз работењето на Друштовото. Во таа насока, Надзорниот Одбор на ГД „Гранит“ АД Скопје ги поддржува планираните стратешки цели утврдени од страна на Управниот Одбор на ГД „Гранит“ АД Скопје за идниот развој на Друштвото, како и неговите планови и политики за успешно исполнување на работните ангажмани во 2018 година.

Скопје, Мај 2018 година

**Претседател на Надзорен Одбор**
**на ГД „Гранит“ АД Скопје**

Градежно друштво ГРАНИТ АД Скопје

---------------------------------------------------
**/Ивана Милковска Симева/**